**УДК: 323.1(=163.3)(049.32)**
**94(497.7)"18/20"(049.32)**
**930.85(497.7)"18/20"(049.32)**
**DOI: 10.55302/PS24221137mr**

# БИЛЈАНА РИСТОВСКА-ЈОСИФОВСКА, *СТУДИИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРНА ИСТОРИЈА* (Скопје: Институт за национална историја, 2018, 300 стр.)

**Катерина Младеновска-Ристовска**
Институт за национална историја – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# BILJANA RISTOVSKA-JOSIFOVSKA, *STUDIES FOR MACEDONIAN CULTURAL HISTORY* (Skopje: Institute of National History, 2018, 300 p.)

**Katerina Mladenovska-Ristovska**
Institute of National History – Skopje
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

Книгата *Студии за македонската културна историја* претставува тематски и хронолошки избор на: студии, статии, осврти и други прилози од долгогодишната научна дејност на Билјана Ристовска-Јосифовска, презентирани на научни собири и објавувани во разни списанија и зборници, но со нови авторски и редакторски адаптации за нивното објавување. Станува збор за одбрани трудови на искусен истражувач на нашето минато, а доволно е само да споменеме дека таа е автор на монографиите *Кралството на Словените од Мавро Орбини како извор за македонската средновековна историја* и *Ѓорѓија М. Пулевски – револуционер и културно-национален деец*, но и коавтор и соработник на разни изданија од оставнината на: Ѓорѓија М. Пулевски, Крсте Петков Мисирков, Македонското научно-литературно другарство, Македонската колонија во С. Петербург и др. Со оваа книга, всушност, се заокружува широкиот дијапазон на нејзините научни интереси во досегашната научна кариера, по примерот на

нејзиниот татко – акад. Блаже Ристовски, кој и самиот е вграден во почетоците и во развитокот на научните студии на културната историја и кому му е посветена оваа книга на разни теми од македонската историја, култура и традиција. Накусо речено, станува збор за мозаична книга од истражувачки теми, методолошки и теоретски определби, дилеми и проблеми во врска со македонскиот културно-национален развиток и со континуираното опстојување на македонскиот народ низ вековите. Или уште покусо, ова е книга за македонскиот идентитет како вековен код.

Националниот идентитет како код во општествениот живот, обичаите и традицијата ги обликува главните особености на македонската култура, што е од особено значење за согледување на македонскиот историски развиток низ повремено мирните, но најчесто бурните векови од минатото. Токму на тоа сфаќање се потпрела и авторката на оваа книга: „Ако се има предвид специфичниот развиток на Македонија низ разни подеми и падови, дисконтинуитетот и отсуството на институционална поддршка на научните истражувања, културната историја добива круцијално значење за изучување на македонскиот историски развиток во целина“ (стр. 9). Во контекст на оваа нејзина определба само би придодале дека културата на една нација е огледало во кое се одразува нејзината свест и традиција и таа е она што останува кога веќе сè друго е подзаборавено, кога ќе избледат вековните ветрометини на политиката и на ненаситните војувања и приграбувања, токму на тоа нè потсетуваат овие нејзини истражувања.

Не во полна смисла на она што го подразбирале античките мудреци, но, периодот од времето на преродбата до нашето државно осамостојување, треба да се смета за златен век на македонската култура, што е и фокусот на оваа книга. Низ нејзините страници постојано излегува на површина премисата дека луѓето истовремено се уживатели и негувачи на традиционалните идентитетски белези на својата култура. Токму традиционалниот живот и духовното творештво во широките народни средини успешно го одржувале етничкиот идентитет во селата и во градовите, со разни национални проблесоци во подоцнежните интелектуални средини. Всушност, тоа е народната култура на луѓето, кои секогаш знаеле да одберат страна, ден, личност или начин за чествување.

Авторката со право го зачнала прашањето за почетоците на систематското изучување на културната историја во светот и кај нас, давајќи концизен хронолошки преглед и навлегувајќи во конкретни теоретски согледувања. Имено, по краткиот вовед, првиот дел од носечката прва глава на книгата е посветен на македонската културна историја, на нејзиното значење и на спецификите, на изворите и на методите на нејзиното проучување, на интеракцијата со сродните научни области и на односот на македонската наука кон историјата на културата. Сето ова е разгледано врз примерот на Институтот за национална историја и неговиот првичен Работен тим за историја на културата, кој потоа прераснува во Одделение за историја на културата со свои постдипломски и докторски студии. Неспорно е дека за Институтот за национална историја тоа бил, и сè уште е, макотрпен процес на екипирање, осмислување и програмирање на недоволно истражена област на институционално, научно и високообразовно ниво. Уште од самото формирање на Институтот е видлива тенденцијата на еден круг научни работници за изучување на културната историја, како посебна и значајна област. Во 1953 г. во Институтот работи Секција за културна историја, а во 1981 г. работен тим, инициран од потребите за подготовка на новата седумтомна *Историја на македонскиот народ*, во состав: Блаже Ристовски, Симо Младеновски и Симон Дракул, а крајната цел, за посебно институционално изучување, е постигната со основањето на Одделението за културна историја во 2016 г., по иницијатива на Билјана Ристовска-Јосифовска.

Вториот дел од првата глава е посветен на научните истражувања за македонскиот идентитет, поделен на раните неинституционални проучувања до формирањето на македонската национална држава, во времето на ДФМ/НРМ/СРМ (1944 – 1991) и во времето на самостојната суверена македонска држава (1991 до денес). Тука авторката се осврнува на етногенетскиот процес во формирањето на македонската нација, почнувајќи од развитокот на националната свест, до државното етаблирање. Во контекстот на европските и посебно на балканските особености во појавата и во структурирањето на националните идентитети и културата, таа заклучува дека тоа биле сложени етнонационални процеси, потпирајќи се на определбата и на поставките на акад.

Блаже Ристовски, кој целиот свој живот го посвети на изучувањето токму на македонската нација: „Па сепак, на соодветен простор се формирала и се индивидуализирала една култура што ние денеска условно ја именуваме како *национална култура*. Таа се создавала коегзистентно и комплементарно со другите етно-култури на овие простори низ вековите. Денеска мошне често посебно се истакнува културата на античка Македонија, но таа е само одредена компонента во амалгамот што го афирмирала историјата. И нема потреба да се поставува некаков *јаз* меѓу античка Македонија и Словените Македонци, ниту пак да се идентификува некакво единство и истоветност. Македонците се создадени низ еден продолжителен и континуиран процес, без сепарации и *јазови* и сигурно не само од релативно доцна дојдените Словени на Балканот" (стр. 28). Во тој контекст, авторката со право ги истакнува и другите крупни демографски пресврти со највлијателните културолошки промени во врска со христијанизацијата, посебно во Македонија во составот на Османлиската Империја, со новата масовна колонизација, исламизација, Балканските војни (1912 – 1913) со новата поделба на Македонија, разните други премрежиња, но и континуираниот стремеж и борба за слобода и за формирање на национална држава, остварена само во вардарскиот дел на Македонија (1944 г.). Сето тоа во книгата е презентирано преку неинституционалните историографски проучувања до формирањето на македонската национална држава, почнувајќи од Ѓорѓија М. Пулевски (1888), Младата македонска книжевна дружина во Софија (1891 – 1892), Ученичкото друштво „Вардар" (1893 – 1894) и Македонскиот клуб (1902) во Белград, Македонското научно-литературно другарство во С. Петербург (1902), Крсте Мисирков (1903), Наце Димов (1913), Македонскиот литературен кружок во Софија (1936 – 1942), весникот *Македонски весши* (1935 – 1936), книжевните дејци Васил Иљоски, Ристо Крле, Кочо Рацин и др. Институционалните историографски проучувања, пак, се одвиваат по формирањето на националната држава (1944 – 1991) во академски институции и професионални здруженија, Катедра за историја при УКИМ (1946), Институт за национална историја (1948), Фолклорен институт на НР Македонија (1950, денес Институт за фолклор „Марко Цепенков"), Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" (1953) и др. Тоа е време на

широка афирмација на македонската историографија, со посебен акцент на меѓународната презентација на македонската култура низ разни пригодни изданија на што се надоврзани и научните резултати во времето на самостојната македонска држава (по 1991 г. до денес).

Втората глава од книгата, под наслов „Културно-историските процеси и личности: преку записи и документи: случаи за проучување (study-cases)“, содржи девет научни прилози, подготвувани во разни временски периоди и по разни поводи, како избор на специфични теми низ случаи на проучување. Првиот прилог, под наслов „Историски реконструкции преку именувањата на владетелите“, се осврнува на имињата како носители на информации и интегрирани спомени од минатато, врз основа на два случаи за проучување: именувањата на средновековната кралска фамилија Мрњавчевци од Македонија и именувањата на кнезот Скендербег и на неговата фамилија. Во првиот случај, анализата се темели на разликите во македонската и во српската историографија и народна меморија како историски индикатори, а во вториот на споредбена анализа на историските извори и на првиот македонски историографски труд на македонски јазик *Славјанско-македонска општа историја* од Ѓорѓија М. Пулевски. Вториот прилог се осврнува на културно-националното организирање на Македонците во емиграција врз основа на два меѓусебноповрзани и комплементарни случаи за проучување: културно-националното организирање на Македонците во Софија, како дел од миграциите кон Бугарија, и активностите на Македонците во С. Петербург во периодот непосредно пред и околу Балканските војни, како дел од миграциите кон Руската Империја. Прилогот под наслов „Личноста како фактор во културно-историските процеси – влијание, одраз, меморија“, има за цел да покаже каков фактор може да претставува личноста во македонските културно-историски процеси, а како случаи за проучување се земени македонскиот национален деец, публицист, народен истражувач и револуционер Ѓорѓија М. Пулевски, од една страна, и македонската музичка икона и социјален феномен Тоше Проески, од друга страна, како две маркантни личности од македонската историја, кои оставиле свој одраз во меморијата, но во две различни епохи. Прилогот под наслов

„Етнографски расправи за Македонија" се фокусира на два различни дискурси за Македонија и Македонците низ етнографските расправи на двајцата интелектуалци од XIX век и од првата половина на XX век: рускиот славист Петар Драганов (по потекло Бугарин), со поглед однадвор, и Риста Огњановиќ-Лоноски (Македонец), со поглед одвнатре. Оваа компаративна анализа е во насока на дополнување на празнините на европското толкување на потеклото на Македонците. Предмет на интерес на петтиот прилог „Почетоците на македонската историографија", во неговиот прв дел, е историско-историографскиот труд *Славјанско-македонска општа историја* од Ѓорѓија М. Пулевски, поконкретно прашањата поврзани со: времето на неговото создавање, мотивот, целта, композицијата, концептот, методологијата, јазикот и стилот, со посебен осврт на инкорпорираната *Македонска Александрида*, како забележителна појава на славењето на познати предци отелотворени во национални херои и митови во нашата преродба и специфичен израз на националната свест. Вториот дел на овој прилог, пак, се осврнува на рускиот превод на делото *Кралството на Словените* од Мавро Орбини, како значаен извор за истражувањата на историјата на Словените, во кое се афирмира идејата за сесловенството и за автохтоноста на Словените на Балканот и пошироко. Прилогот под наслов „Локалната историја низ ракописите од неколку македонски автори" се осврнува на три избрани труда *Славјанско-македонска општа историја* од Ѓорѓија М. Пулевски, *Галичник и Мијаците* од Риста Огњановиќ-Лоноски и *Дебар и Дебарско низ вековите* од Крсто Костов, кои даваат значајни податоци не само за локалната историја, туку и за македонската историја воопшто. Прилогот под наслов „Автобиографски записи како културолошки индикатори", во првиот дел го компарира автобиографскиот текст *Наказание* на истакнатиот големопоседник, трговец, кнез и ктитор Ѓурчин Кокалески со текстот *Спомени* на антипатријашискиот и егзархиски активист Исаија Мажовски, додека во вториот дел, автобиографските текстови на двајцата преродбеници Григор Прличев и Зафир Белев. Неговата цел е да го покаже значењето на автобиографските текстови како историски извори, чии содржини можат да служат како индикатори за историските и за културните околности, за локалната историја на регионот од каде потекнуваат авторите, но и за македонската историја во

целина. Последните два прилози се посветени на Македонија во времето на Балканските војни, видена низ призмата на прилозите и фотографиите објавени во руското списание *Искри* и во некои други руски списанија и на жените во Македонија низ архивската документација и од аспект на политичката позиција во општеството.

Книгата е обликувана со соодветен научен апарат и богат илустративен материјал во колор и црно-бела техника. Таа изобилува со: богата фактографија, студиозна анализа, концизна и систематска елаборација на истражуваната проблематика, значајни произнесени теоретски поставки, како и обемна релевантна литература. Општо земено, станува збор за неодминливи истражувања, кои мозаично ја дополнуваат нашата претстава за историјата на културата на Македонија и на македонскиот народ. Како комплексно научно истражување, ова издание претставува значаен придонес во понатамошното проучување на историјата на културата на нашите простори во подалечното минато и во нашата современост, како и значајно збогатување на македонската историска наука и на нејзината афирмација во земјата и во светот.